април-јуни 2025 Организација на жените на општина Свети Николе

# Е-БИЛТЕН 2

## Растеме заедно во лидерки на заедницата









### Реализирани уште три еднодневни работилници со „Менторки на иднината“

Во овој квартал одржавме уште три еднодневни работилници со менторките на теми „Биди промена – води кон промена“, реализирана на 29 април, „Девојки во акција“, реализирана на 28 мај и „Поседувај ја својата моќ“, реализирана на 5 јуни. По завршувањето на работилниците, девојките се стекнаа со засилена самодоверба, подобро разбирање на емоционалната интелигенција и унапредени комуникациски вештини, како и со способност за критичко размислување и тимска работа. Тие развија чувство за одговорност, активна граѓанска свест и разбирање за феминизмот, родовата еднаквост и поддршка.

### Реализирани три координативни состаноци со менторките

На овие состаноци, кои се важни за менторките за да разменат идеи и споделат искуства за целиот процес, тие исто така споделуваа идеи за тоа како квалитетно да го поминуваат времето со своите „мали искри“, дискутираа што е соодветно, а што не во менторскиот однос и предлагаа начини за продлабочување на врската со девојчињата за време на нивните заеднички средби.

Исто така, на овие состаноци се договараа и за темите на наредните средби со менторираните девојчиња, а младинската координаторка им спреми работилници за булинг и справување со емоции





















## Дружење на Матка

Заедно со менторките и малите искри од програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“ уживавме во прекрасен ден на Матка исполнет со прошетка, смеа и поврзување. Им доделивме сертификати на менторките за успешно завршените еднодневни обуки и ја прославивме нивната посветеност и улога како поддршка на помалите девојчиња.

**Горди сме на нивниот развој и на заедницата што ја градиме со љубов и посветеност.**

## Емоции и чувства

Со нашите менторки ја истражувавме темата „Емоции и Чувства“, учејќи како да ги разликуваме, препознаеме и прифатиме. Преку енерџајзерот „Топка на чувства и емоции“ и инспиративните споделувања, сфативме колку е важно да бидеме свесни за нашата внатрешна состојба и да ѝ дадеме простор.







# Менторките со малите „Искри“


















# Изјави од менторките за програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата"



**Ивона Ѓоргиева - менторка**

„Се чувствував одлично и со девојчето и со групата заедно. Се беше прекрасно, интересно имаше многу дружба, активности, игри, смеа и забава. Со три зборови, оваа програма е инспирација, едукација, дружба.
На девојките кои размислуваат да се приклучат, би им кажала слободно да пробаат да се вклучат, ќе се запознаат и со нови девојчиња, ќе се дружат и ќе научат нешто ново што ќе им служи понатаму и можеби некои ќе се инспирираат преку активностите и тоа ќе им помогне ако имаат некој проблем.
Во оваа програма секој си беше посебен и секогаш имаше и смеа, инспирација и многу забавна дружба и со девојчињата и со организацијата.”

---



**Мила Спасовска - менторка**

„Најмногу уживав во запознавањето со помалите девојчиња и во заедничката дружба. На почетокот бев малку повлечена, но со текот на времето се опуштив и се чувствував многу среќно.
Со три зборови, програмата е интересна, забавна, инспиративна.
На девојките кои размислуваат да се приклучат, би им кажала дека е одлична идеја да се приклучат, да се забавуваат, да стекнат самодоверба и дека не е ништо страшно.
Инспиративен момент кој би сакала да го споделам е дека секој нов почеток е можност за подобра верзија од себе.”

---



**Ива Ангелова - менторка**

„Најмногу во програмата “Растеме заедно” ми се допадна тоа што запознав девојче кое е помало од мене и кое и покрај влијанието на околината, генерацијата и слично е сеуште дете што е реткост. Ми се допадна тоа што се дружевме и имавме теми за разговор и предобра комуникација. Во текот на овие месеци се чувствував одговорно и преубаво, како постара сестра.
Со три зборови, оваа програма е забавна, едукативна, поучна.
На девојките кои размислуваат да се приклучат, би им кажала дека нема да згрешат и дека секое искуство не учи на нови работи кои некогаш во животот на било кој начин ќе ни послужат.
Она што сакам да го споделам е дека сите моменти со Магдалена ми беа интересни на посебен начин, најинтересно ми беше кога кажувавме работи кои ни се допаѓаат кај нас и кога таа ги запозна поголемиот дел од моето друштво.




**Сите изјави можете да ги прочитате на нашите социјални медиуми.**










## ТРИДНЕВЕН ТРЕНИНГ
## „Растеме заедно – вешти, храбри, свои“

Четири дена, Охридско сонце и дваесетина храбри девојки од различни градови низ Вардарски и Источен регион од државата, кои учеа, се забавуваа и растеа заедно. На тренингот учевме и зборувавме за комуникација, тимска работа, емоционална инелигенција и лидерство, односно за меки вештини значајни за личниот развој на секој еден поединец.

Целта на тренингот беше да изградиме или барем поттикнеме гласни, активни и самоуверени млади жени, кои препознаваат и се стремат кон вистински промени во заедницата.







# НАСТАН „ШЕПОТИ ВО ОГЛЕДАЛОТО“

## Монодрама „Срам“ реализирана во Градско и Неготино






И оваа година продолживме со реализирање на настанот „Шепоти во огледалото“ уште во две општини, на 08.05 во општина Градско и 23.05 во општина Неготино.
Актерката Ангела Стојановска и овојпат успеа преку своите актерски способности и искрено раскажување на лични искуства за сопствениот срам во образовниот, социјалниот и професионалниот живот, вклучувајќи ги и стереотипите, дискриминацијата и потценувањата кои ги доживеала поради својот изглед, да ја поттикне публика на размислување, да отвори простор за коментари и емоции, но и да донесе многу смеа на двата настани.

## Петта регионална средба за вмрежување

На 12 мај се одржа петтата регионална средба за вмрежување, на која присуствуваа претставници од институции и граѓански организации од Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе. Средбата, водена од фасилитаторката Билјана Бејкова, овозможи осврт на досегашните дискусии и надополнување на согледувањата за предизвиците поврзани со поддршката на маргинализираните лица и жртвите на насилство. Учесниците разговараа за тековната состојба со ресурсите, функционирањето на институциите и изнесоа конкретни препораки за подобрување на меѓусекторската соработка и услугите. Се истакна потребата од системски решенија, формирање специјализирани тимови, засилена едукација и поголема финансиска поддршка. Беа предложени и законски измени и културолошки чувствителен пристап во справувањето со семејното насилство. ОЖОСВН продолжува со активности за зајакнување на регионалната соработка и подобрување на пристапот до правда за ранливите групи.






# КОНТИНУИРАНА ПРОМОЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА









**Статии напишани од Емина Петкова - психолог при канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка кои можете да ги прочитате на нашите социјални медиуми и веб страна**

## ЗОШТО НИ Е ТОЛКУ ВАЖНО ШТО МИСЛАТ ДРУГИТЕ ЗА НАС?
















## НАРЦИСОИДНОСТ

















## ОБЈАВА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Секој човек има право на слобода, еднаквост и достоинство – без разлика на раса, пол, вера или националност.**
**Универзалната декларација за човекови права е документ што ги признава основните права и слободи на секој човек .**
**Да не заборавиме: човековите права се за СИТЕ, СЕКАДЕ и СЕКОГАШ.**



















## ОБЈАВА ЗА КАДЕ И КАКО ЖЕНИТЕ СЕ ИЗЛОЖЕНИ НА НАСИЛСТВО

**Каде и како жените се изложени на насилство.**
**Вие можете да помогнете да се стави крај на насилството врз жените.**











ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# Работилници со групата за самопомош

**20.05.2025 - с. Горобинци**



Кардиоваскуларни болести

**21.05.2025 - с. Ерџелија**



Кардиоваскуларни болести

**30.05.2025**



Работилница со вежби

**12.06.2025**



Нашите тела, лето, релаксација, одмор

**16.06.2025 - с. Горобинци**



Остеоартритис

**18.06.2025 - с. Ерџелија**



Остеоартритис

# Хуманитарен штанд по повод Велигден

На 18 април реализиравме хуманитарен штанд организиран од жените заболени и лекувани од малигни болести, кои и самите беа дел од креативните работилници. Голема благодарност до сите што донираа, поддржаа и помогнаа да направиме разлика.







# ОДРЖАН СОСТАНОК СО УПРАВЕН ОДБОР

На 30.05 управниот одбор при ОЖОСВН одржа редовен состанок, каде се помина низ сработеното во 2024 година, предизвиците и недостатоците, а се дискутираше и за работата што е планирана за 2025 година, можностите и нови идеи. Се донесоа одлуки во однос на пописот на основни средства и ситен инвентар и се договорија насоки за редовни онлајн состаноци на одборот.



# ОЗНАКА ЗА ДОВЕРБА ЗА ОЖОСВН

ОЖОСВН доби ознака за доверба како сеопфатен, само-регулирачки механизам што по темелни проверки се доделува на граѓански организации (ГО) што применуваат најдобри меѓународни практики во работењето. Ознаката за доверба има за цел долгорочно да ја зајакне довербата кон граѓанските организации, а на граѓаните и на компаниите им препорачува проверен избор на ГО со „Ознака за доверба“ каде нивните донации и поддршка се сигурни и со посакувани ефекти.







# „Безбедна училишна средина“







Во текот на овој квартал Емина Токовиќ како менторка на ООУ „Свети Ќирил и Методиј“ заедно со тимот од стручната служба во училиштето одржаа три тематски работилници, а Стефанија Арсова како менторка на СОУ „Кочо Рацин“ заедно со тимот на стручната служба и наставниците од училиштето одржаа четири тематски работилници каде главни теми беа за врсничко насилство, ментално здравје, сајбер насилство. Покрај работилниците, тие ги водеа учениците и низ процес на покренување и реализирање на иницијативи, преку кои и во двете училишта младите добија свој простор - младинско катче и информативно катче, кои ќе ги користат за свои потреби.

Оваа активност е дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ кој во периодот септември 2023 – август 2026 година го реализира Коалиција на младински организации СЕГА со поддршка од Детската Фондација Песталоци, а тимот на ОЖОСВН се вклучи како локален партнер

ОЖОСВН оваа година, по втор пат се приклучи на глобалната иницијатива „Ден на добри дела“, во соработка со МКЦ-Битола, организирајќи волонтерски акции со ученици од ООУ „Гоце Делчев“ и СОУ „Кочо Рацин“. Учениците засадија дрвца, а со својата креативност и вештини преку графити го разубавија влезот на основното училиште, промовирајќи грижа за заедницата и животната средина. Со овие акции младите покажаа дека заедно можеме да направиме добри дела и да создадеме поубава околина и услови за живот за сите.

















# СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА OPERATION FLORIAN





Во текот на месец мај, остваривме средба со претставници на Операцијата Флоријан - организација од Англија која работи на промовирање на заштитата на животот во заедници во неволја низ целиот свет. Фокусот на состанокот беше на развој на волонтерството и доброволното пожарникарство, како и вклученоста на девојките и жените во противпожарниот сектор и улогата што може и треба да ја имаат. Беа отворени и прашања за предизвици и контекстот во кој делуваат женските организации во С.Македонија и зборувавме за можности за заеднички активности и како да ги информираме и вклучиме граѓаните, особено жените и девојките, во овие активности.

Втората средба беше со жена пожарникарка, која сподели нејзини искуства од работата и развивме повеќе идеи околу вклучувањето на жените во пожарникарствово. Таа сподели некои идеи и бидејќи и самата доцна се вклучила во оваа работа, посочи дека никогаш не е доцна некој да се вклучи во она што го посакува и дополнително да стори добро дело за својата заедница.

## Поддршка за реакции како дел од Платформата за родова еднаквост

- Јавна реакција: ОЈО Куманово да го преквалификува делото во случајот за Ванѓелица од Кратово
- Јавна реакција: Здравјето, заштитата од насилство и дискриминација на младите не се приоритет за Владата и мнозинство на пратеници
- Повик до Претседателката на РСМ, Гордана Сиљановска- Давкова за непотпишување на Указите за штетни законски измени во образованието и доследно спроведување на заложбите за родова еднаквост”
- Јавна реакција: Насилството, дискриминацијата и незнаењето во формалното образование се новото „нормално“ што го промовираат Владата, Парламентот и Претседателката на државата
- Реакција: Платформата за родова еднаквост силно ја поддржува Иницијативата на жени од Шуто Оризари и нивната реакција на последниот случај на фемицид



# МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ОДБЕЛЕЖАНИ ВО ОВОЈ КВАРТАЛ

- 02.04 - Светски ден за подигање на свеста за аутизмот
- 07.04 - Светски ден на здравјето
- 08.04 - Меѓународен ден на Ромите
- 21.04 - Светски ден на креативноста и иновациите
- 22.04 - Меѓународен ден на планетата Земја
- 28.04 - Светскиот ден за безбедност и здравје при работа
- 09.05 - Ден на Европа



















- 11.05 - Светски ден на мајките
- 16.05 - Меѓународен ден на живеење заедно во мир
- 13.05 - 18.05 - Недела на свесност за менталното здравје
- 15.05 - Интернационален ден на семејството
- 28.05 - Ден на менструална хигиена
- 05.06 -Светски ден на животната средина
- 18.06 - Меѓународен ден против говор на омраза
- 23.05 - Меѓународен ден на жените во инженерството









ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ


032 444 620

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах 13 2220 Свети Николе

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

facebook.com/womsvetinikole

www.womsvetinikole.org.mk

instagram.com/ozo_svnikole


## Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 - Халк Банка

# Ви благодариме!